**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО И СОСТОЈБАТА ВО КАЗНЕНО ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за 2008 година

Април 2009 година

# ***Содржина***

**I. Вовед**

*а) Управа за извршување на санкциите*

*б) Задачи и обврски на Управата за извршување на санкциите*

*в) Внатрешна организација и кадровска поставеност во Управата за извршување на санкциите*

**II.Организациона поставеност на казнено-поправните и воспитно - поправните установи и кадровска екипираност**

*1.Видови на казнено-поправни установи*

*а) Казнено-поправни домови*

*б) Затвори*

*2. Видови воспитно-поправни установи*

*3. За вработените во КПУ*

*а) Број на вработени*

*б) Профил на вработените*

*в) Дисциплинска одговорност на вработените*

**III. Осудени лица**

*1. Број на осудени лица*

*2. Број на притворени лица*

*3. Старосна структура на осудените лица*

*4. Структура на осудените лица во зависност од висината на казната*

*5. Погодности кои осудените лица ги користеле во текот на 2008 год.*

*6. Здравстена заштита на затворската популација во КПУ*

*7. Разместување на осудени лица*

*7.1 Преместување на осудени лица*

*7.2 Прекин на казната*

*7.3 Прогресирање и репрогресирање на осудени лица*

*8. Работно ангажирање на осудени лица*

*9. Дисциплинска одговорност на осудени лица*

*9.1 Дисциплински повреди*

*9.2 Дисциплински казни*

*10. Бегства на осудени лица*

**IV. Реализирани активности во КПУ**

**V. Податоци за стопанските единици**

**ВОВЕД**

Управата за извршување на санкциите како орган во состав на Министерството за правда кој согласно Законот за извршување на санкциите (“Службен весник на РМ“ 2/2006) врши работи од делокругот на Министерството што се однесуваат на извршувањето на санкциите, е одговорна за организацијата и унапредувањето на системот на извршувањето на казната затвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом. Во тие рамки, Управата има надлежност да организира, спроведува и да врши надзор на извршувањето на тие санкции, па преку ефикасен систем за професионално организирани и управувани казнено-поправни и воспитно-поправни установи во Република Македонија. да обезбеди законито извршување на санкциите со примена на меѓународните стандарди за почитување на личноста и достоинството на осудените и малолетните лица и заштита на нивните права.

Имајќи ја предвид законската обврска од член 9 став 3 на Законот за извршување на санкциите, Управата за извршување на санкциите ја известува Владата на Република Македонија за состојбата и работењето на казнено-поправните установи и Воспитно-поправниот дом Тетово во 2008 година.

# I. Управа за извршување на санкциите

## 1) Задачи и обврски на Управата за извршување на санкциите

Стратешката цел на Управата за извршување на санкциите е раководење со извршувањето на санкциите и професионално организирани и управувани казнено-поправни и воспитно-поправни установи. Заради остварување на оваа цел, Управата има низа функции кои ја сочинуваат нејзината целосна ангажираност и тоа:

-изготвување на законски и подзаконски акти од обласа на извршувањето на санкциите;

-обезбедување законито извршување на санкциите изречени за казниви дела

-координација во работењето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи;

-вршење на стручно-инструкторски надзор во работењето на пенитенцијарните установи;

-контрола и обезбедување на сместувачки услови на затворската популација;

-давање на стручна помош во работењето на установите;

-давање согласност по општите акти на установите;

-одлучување по разни барања на осудените лица;

-организирање на континуирана обука на вработените лица од сите профили во установите според програма за едукација што ја донесува директорот на Управата во тренинг;

-други функции определени со закон.

**2) Внатрешна организација и кадровска поставеност во Управата за извршување на санкциите**

Внатрешната организација и кадровската поставеност на Управата за извршување на санкциите се уредени со правилниците за внатрешна организација и работа и за систематизација на работите и задачите донесени од страна на Министерот за правда во септември 2008 година. Со овој правилник се обезбедува законито, стручно, ефикасно, одговорно и економично вршење на работите и задачите во рамките на хиерархиската поставеност на организационите облици.

Според општите акти за организација и систематизација, во Управата се формирани три сектори со 9 одделенија и едно посебно одделение за човечки ресурси во кои се систематизирани вкупно 51 работно место,од кои се пополнети 9. Во тек е постапка за вработување на две нови лица, а се очекува согласно НПАА Програмата за 2009 година, во Управата да се пополнат 7 систематизирани места со кадри од соодветен профил кои се неопходно потребни за поефикасно извршување на одделни задачи.

## II. МРЕЖА И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ И КАДРОВСКА ЕКИПИРАНОСТ

Во Република Македонија функционира мрежа од 11 казнено-поправни и 2 воспитно-поправни установи во кои се извршува казната затвор и воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом. Овие установи имаат својство на правно лице, а нивното финансирање како единки корисници се обезбедува преку буџетскиот корисник - Управата за извршување на санкциите.

Во казнено-поправните установи, со оглед на сложеноста и обемот на работите во функција на извршување на санкциите, се организираат сектори за ресоцијализација, обезбедување, стопански-инструкторски, здравствен и извршно-управен и финасиски сектор. Доколку не е неопходно организирање на сектори, работите на одделни или повеќе сектори може да ги врши едно или повеќе лица.

## 1. ВИДОВИ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ[1]

Во Република Македонија казнено-поправните установи можат да бидат казнено-поправни домови и затвори.

### а) Казнено-поправни домови

Во Република Македонија функционираат три казнено-поправни домови: Казнено-поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес, Казнено-поправен дом од отворен вид Струга, а од 2008 година Затворот во Штип е трансформиран во Казнено-поправен дом Штип.

Казнено-поправните домови Идризово и Штип се установи од затворен вид во кои има висок степен на физичко и материјално обезбедување. Во КПД Идризово со отворено одделение во Велес и КПД Штип казната затвор ја издржуваат машки лица осудени со правосилна пресуда на казна затвор над 3 години односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над 3 години, како и машки лица повторници осудени со правосилна пресуда на казна затвор над 6 месеци односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над 6 месеци. Во овие домови постојат повеќе одделенија и тоа: приемно, затворено, одделение за хронично болни и работно неспособни осудени лица, одделение за зависници, полуотворено и отворено одделение

Единствено во КПД Идризово постои посебно оддление за женски лица каде што казната затвор ја издржуваат женски лица од целата територија на Република Македонија кои се осудени со правосилна пресуда на казна затвор или малолетнички затвор независно од висината на казната.

Притворените женски лица се сместени во посебни простории во притворските одделенија во затворите кои се установи од полуотворен вид.

Исто така, единствено во КПД Идризово се извршува казната доживотен затвор изречена на машки и женски лица, како и казната затвор изречена спрема машки и женски лица странски државјани и лица без државјанство.

Во текот на 2008 година расположивите сместувачки капацитети на КПД Идризово не одговараа на бројот на осудените лица. Оваа установа се соочува со преполнет капацитет. Осудените лица се сместени во стари згради кои не одговараат на современите пенолошки сознанија за извршување на казната затвор.

[1] Статистичките податоци за состојбата во казнено поправните и воспитно поправните усанови кои ги содржи извештајот се добиени пооделно од секоја установа.

-Казнено-поправниот дом Струга е основан како установа од отворен вид во која казната затвор ја издржуваат машки лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за небрежност на казна затвор од 3 до 5 години или ако по пресметаниот притвор им преостанува од 3 до 5 години од изречената казна. Меѓутоа, во овој Казнено-поправен дом, освен лица кои се осудени за кривични дела од небрежност, казната затвор ја издржуваат и машки лица кои се осудени на казна затвор до 3 години односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до 3 години, како и машки лица повторници осудени со правосилна пресуда на казна затвор до 6 месеци односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до 6 месеци, што значи дека функционира и како установа ов полуотворен вид.

**б) Затвори**

Затворите се казнено-поправни установи од полуотворен вид во кои основното обезбедување е физичкото што го остваруваат припадници на секторот за обезбедување.

Во Република Македонија постојат осум затвори и тоа: Затвор Битола, Затвор Гевгелија, Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, Затвор Прилеп, Затвор Скопје, Затвор Струмица и Затвор Тетово, како и Затворот Охрид кој функционира како установа во која се извршува казната малолетнички затвор. Во сите затвори (освен Затворот Охрид) казната ја издржуваат машки лица-примарни сторители, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до 3 години односно кога остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до 3 години како и машки лица повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до 6 месеци односно кога остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува до 6 месеци.

Во овие установи се основани притворски одделенија во кои се извршува мерката притвор спрема машки и женски лица, изречена од месно подрачните основни судови. Исклучок е најголемото и најобезбеденото притворско одделение на Затворот Скопје, во кое се извршува мерката притвор изречена спрема машки и женски лица од целата територија на Република Македонија на кои им е запретена казна затвор над 10 години.

## 2. ВИДОВИ НА ВОСПИТНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ

Во Република Македонија постојат две воспитно-поправни установи и тоа: Воспитно-поправен дом Тетово и Воспитно-поправен дом Скопје.

Во Воспитно-поправниот дом Тетово се извршува воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом спрема малолетни машки лица, додека во ВПД Скопје кој функционира во рамките на женското одделение во КПД Идризово, се извршува оваа мерка спрема малолетни женски лица.

## 3. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО КПУ

### а) Број на вработени по КПУ

Во 2008 година во казнено-поправните установи во Република Македонија вкупниот број на вработени изнесуваше 750, а вкупниот број на систематизирани работни места изнесува 1235.

Основната задача на секторот за обезбедување е внатрешно и надворешно обезбедување на установата, спречување на бегства, одржување на внатрешниот ред и дисциплина во установата и спроведување на осудените, притворените и малолетните лица. Со оглед на нивниот делокруг на работа, во сите казнено-поправни установи во овој сектор има најголем број на вработени и работните задачи од својот делокруг ги извршуваат непрекинато 24 часа во смени во времетраење од 12,00 часа.

Имајќи ја предвид основната цел на извршувањето на казната затвор – осудените лица да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот во согласност со закон, ресоцијализацијата претставува основна функција на казнено-поправната и воспитно-поправната установа. Затоа, во рамки на казнено-поправните установи, заради остварување на воспитниот процес и координирање на работите на воспитувањето, образованието и оспособувањето на осудените и малолетните лица, се организира сектор за ресоцијализација. Работите на воспитувањето и образованието ги вршат воспитувачи и наставници, а другите сектори се должни да соработуваат во процесот на ресоцијализацијата со овој сектор.

За успешно спроведување на процесот на ресоцијализација, неопходно е потребно во установите да постои кадровска екипираност со соодветни и стручни кадри.

Процесот на ресоцијализација започнува со самиот прием на осуденото лице во казнено-поправната установа, кога по утврдувањето на неговиот идентитет се упатува во приемно одделение каде стручен тим составен од психолог, педагот и социјален работник ја испитува неговата личност и притоа го определува третманот и постапувањето со него во текот на издржувањето на казната. Во приемното одделение на затворените казнено-поправни установи осуденото лице останува најмногу 30 дена, додека во установите од полуотворен вид во кои се извршува казната затвор до три години, во приемното одделение лицето се задржува до 15 дена.

Посебни простории за приемно одделение има во поголемите казнено-поправни установи (Идризово, Штип и Скопје), додека во помалите установи од

полуотворен вид, новодојдените осудени лица се сместуваат во импровизирана просторија каде се испитува нивната личност.

Вкупниот број на вработени во секторите за ресоцијализација во казнено-поправни установи е 69. Најголем број, вкупно 30, работат во КПД Идризово од кои еден е раководител на секторот, 18 воспитувачи работат во затвореното одделение, двајца воспитувачи работат со осудените лица во одделението за работно неспособни и хронично болни осудени лица и одделението за зависници. Во приемното одделение работно се ангажирани тројца воспитувачи, во полуотвореното одделение двајца, во отвореното одделение тројца и во женското одделение еден воспитувач и еден социјален работник. Во другите казнено-поправни установи евидентна е недоволна екипираност на секторот за ресоцијализација и тие треба во најскоро време да се доекипираат.

Во текот на 2008 година беше подобрена кадровската состојба во казнено-поправни установи. Имено, во периодот од 28.07. до 05.09.2008 година добиена е согласност за нови 88 редовни вработувања во казнено-поправните установи, а 71 лице беше примено со времено вработување.

Во изминатиот период од 2 години, во казнено-поправните установи се одобрени средства и се вработени, или е во тек постапка за вработување на 214 лица од сите профили, со што е извршено значително зголемување на затворскиот персонал, од кои најбројни се вработувањата во секторот за обезбедување, во секторот за ресоцијализација -15, во секторот за здравствена заштита – 14, во извршно – управниот и финансиски сектор -17 и во стопанско – инструкторскиот сектор – 2.

Сепак, имајќи ја предвид состојбата со капацитетот и пополнетоста на установите како и постојаниот пораст на осуденичката популација, сегашниот број на вработени не соодветствува со вистинската потреба. Имено, неопходно е екипирање на службата за обезбедување поради безбедносниот аспект, на службата за превоспитување поради третманот на осудените лица, како и на здравствената служба, поради обезбедување поефикасна здравствена заштите и нејзино функционирање согласно општите прописи од областа на здравството.

**б) Профил на вработените по казнено-поправни установи**

Од вкупниот број вработени во сите казнено-поправни установи, најголемиот број и тоа 622 се мажи, додека 126 се жени.

Во шематскиот приказ подолу е прикажан бројот на вработени во КПУ според полот.

**Дијаграм број 1**




| | Идризово | Велес | Скопје | Битола | Прилеп | Тетово | Гевгелија | Струмица | Штип | Охрид | Струга | Куманово со | ВПД Тетово | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | 231 | 6 | 103 | 37 | 25 | 30 | 18 | 19 | 61 | 21 | 17 | 20 | 34 | 622 |
| Жени | 52 | 1 | 13 | 14 | 4 | 6 | 7 | 2 | 6 | 10 | 4 | 2 | 5 | 126 |

Во шематскиот приказ подолу е прикажан бројот на вработени според возраста

**Дијаграм број 2**



Во казнено-поправните установи во Република Македонија има најмногу вработени кои се на возраст од 36 до 45 години или изразено во бројка 214, односно 31 % од вкупниот број на вработени лица.

Во шематскиот приказ подолу е прикажан бројот на вработени според националната припадност

**Дијаграм број 3**




Во казнено-поправните установи во Република Македонија најголемиот број вработени по национална припадност се македонци (626), албанци се 84 вработени, додека бројот на вработени од другите националности е значително помал.

Во шематскиот приказ подолу е прикажан бројот на вработени според образованието

**Дијаграм број 4**




Најголемиот број вработени се со средно образование (533 од вработените) и со високо образование (176 од вработените).

Со завршено основно образование се само двајца вработени во КПД Идризово и седум вработени во Затворот Скопје.

Со завршена магистратура се пет вработени во Затворот Скопје. Од вкупниот број вработени има двајца доктори на науки, едниот е во приемното одделение во КПД Идризово и вториот вработен во Затворот во Скопје.

Поради непочитување на правилата во врска со вршењето на функцијата и непочитувањето на правилата и прописите,беа разрешени директорите на затворите Охрид и Тетово.

**в) Дисциплинска одговорност на вработените**

Во текот на 2008 година на 88 вработени им биле изречени дисциплински казни. Во отвореното одделение на КПД Идризово во Велес, Затвор Гевгелија, Затвор Струмица, Затвор Охрид, Затвор Струга, Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка во текот на 2008 година на ниту еден од вработените не им била изречена дисциплинска казна.

Најголемиот број дисциплински казни (вкупно 78) им биле изречени на вработени во секторот за обезбедување, на шест вработени во извршно-управниот и финансискиот сектор, на три во секторот за ресоцијализација и на еден вработен во стопанско-инструкторскиот сектор.

Најголем број на дисциплински казни им се изречени на вработените во Секторот за обезбедување во Затворот Скопје (во текот на 2008 година биле изречени 56 дисциплински казни).

Во шематскиот приказ подолу е прикажан бројот на вработени на кои им биле изречени дисциплински казни по казнено-поправни установи и по сектори.

**Дијаграм број 4**



## III. ОСУДЕНИ ЛИЦА

### 1) Број на осудени лица

Во казнено-поправните установи во Република Македонија на 31.12.2008 година, 2101 осудено лице се наоѓало на издржување на казната затвор

Бројот на осудени лица на почетокот на 2008 година кои се наоѓале на издржување на казната затвор изнесувал 2111, додека бројот на осудените лица кои биле отпуштени во текот на годината од казнено-поправните установи е 1622.

Најголем број на осудени лица - 1268, или 60,35 % од вкупниот број на осудени се наоѓале на издржување на казната затвор во КПД Идризово. Во текот на 2008 година 595 лица биле новопримени за издржување на почнале да ја издржуваат казната затвор, додека 314 осудени лица биле отпуштени од Домот. Од вкупниот број на осудени лица кои се наоѓале на издржување на казната затвор во КПД Идризово примарни сторители биле 548, додека 720 осудени лица биле повторници. Од осудените лица кои издржувале казна затвор, 49 биле жени од кои имало и една малолетничка.

Од осудените лица кои во текот на 2008 година издржувале казна затвор биле евидентирани вкупно 649 наркозависници.

Во КПД Идризово биле регистрирани 466 наркозависници. Во одделението за зависници и хронично болни биле сместени 66 осудени лица од кои 37 зависници биле под метадонска терапија, а 29 стари осудени лица престојувале во старечкото одделение.

Во текот на 2008 година во КПД Идризово издржувале казната затвор 62 странски државјани. Со оваа воспитна група во текот на 2008 година немало некои посебни проблеми и јазикот не претставувал проблем во комуникацијата со нив. Тие ги почитувале одредбите од Куќниот ред на Установата и ги прифаќале советите дадени од страна на воспитувачот. Интересен е податокот дека 90 % од вкупниот број на изречени дисциплински мерки спрема оваа група на осудени лица биле поради недозволено држење на мобилни телефони.

Согласно востановената мрежа на казнено-поправните установи, Затворот Штип по создавањето на условите од 22.10.2008 година почна да функционира како казнено-поправен дом од затворен вид, така што во КПД Штип на 31.12.2008 година, бројот на осудени лица изнесувал 160. Бројот на осудени лица кои ја издржувале казната затвор во овој Дом во текот на 2008 година бил 278 лица од кои 109 сами се јавиле на издржување на казната, 62 лица биле приведени, едно лице било преместено од друга држава, 96 лица прогресирале од друга установа, а девет биле вратени од бегство. Бројот на вкупно отпуштени осудени лица од оваа Установа бил 208 од кои 11 лица биле отпуштени по издржаната казна, 13 лица

биле помилувани, а 175 условно отпуштени. Исто така, во текот на годината, пет лица се наоѓале во бегство на четири лица им била прекината казната од страна на надлежниот суд, а 14 лица биле преместени во други казнено-поправни установи по разни основи.

-ВПД Тетово

Во ВПД Тетово заклучно со 31.12.2008 година бројот на малолетни лица спрема кои се извршувала воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом бил 31 лице од кои 17 биле малолетни машки лица (од 14-16 годишна возраст), а 14 биле помлади полнолетници. Во текот на 2008 година воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом почнала да се извршува спрема 46 лица, а на 15 малолетници мерката им била запрена по различни основи и тоа:
-по предлог на Домот после реализирана програма за индивидуална работа биле отпуштени седум малолетници,
-по иницијатива на Центарот за социјални работи бил отпуштен еден малолетник
-по предлог на родител бил отпуштен еден малолетник
- поради изречена казна затвор биле отпуштени четири малолетници и
-по сила на закон, односно по навршени 23 години биле отпуштени 4 малолетници.

-Табеларно прикажување на бројната состојба и движењето на бројот на затворската и малолетничкат популација во КПУ и ВПУ во 2008 година.

**Табела број 3**

| Казнено-поправна установа | Број на осудени лица на 31.12.2008 год. | Број на осудени кои почнале да издржуват казна во 2008 г. | Број на осудени лица кои биле отпуштени во 2008 г. | Број на притворени лица | Број на зависници |
|---|---|---|---|---|---|
| КПД Идризово | 1268 | 595 | 314 | 0 | 466 |
| Затвор Битола | 74 | 82 | 80 | 24 | 35 |
| Затвор Прилеп | 78 | 59 | 53 | 10 | 18 |
| Отворено одделениие на КПД Идризово во Велес | 35 | 62 | 60 | 0 | 0 |
| Затвор Скопје | 189 | 459 | 395 | 612 | 65 |
| Затвор Тетово | 68 | 163 | 149 | 21 | 6 |
| Затвор Гевгелија | 58 | 113 | 95 | 3 | 6 |
| Затвор Струмица | 51 | 101 | 106 | 0 | 6 |
| КПД Штип | 160 | 278 | 211 | 0 | 5 |
| Затвор Охрид | 31 | 19 | 9 | 3 | 5 |
| КПД од отворен вид Струга | 48 | 96 | 91 | 0 | 3 |
| Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка | 10 | 38 | 44 | 0 | 0 |
| ВПД Тетово | 31 | 46 | 15 | 0 | 5 |
| **Вкупно** | **2101** | **2111** | **1622** | **673** | **620** |

## 2) Бројна состојба на притворени лица

Вкупниот број на лица спрема кои се извршувала мерката притвор во текот на 2008 година во притворските одделенија на затворите во Република Македонија изнесувал 673 лица.

Во Затворот Скопје се наоѓа најголемото притворско одделение во Републиката со сместувачки капацитет од 142 легла. Но овој капацитет ни од далеку не ги задоволува потребите, особено затоа што согласно Решението за распоредување на осудените и малолетните лица во казнено-поправните и воспитно-поправните установи и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи, донесено од Министерот за правда во месец јули 2008 година, во овој Затвор освен што се извршува мерката притвор од подрачјето на основните судови Велес и Скопје I, се извршува и притворот спрема машки и женски лица од подрачјето на сите основни судови во Републиката за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор. Така, во овој Затвор во текот на 2008 година изречената мерка притвор ја извршувале 612 притворени лица од кои 589 лица биле мажи и 23 жени. Исто така во овој период од вкупниот број на притворени лица кои престојувале во оваа установа со странско државјанство биле 57 лица, а 18 лица биле малолетници. На 31.12.2008 година вкупниот број на притворени лица кои престојувале во оваа установа изнесувал 177 од кои 169 биле мажи и 8 жени.

Вака загрижувачките состојби со сместувачкиот капацитет особено за притворените лица, ја наметна потребата од изнаоѓање на нови решенија така што во текот на 2008 година се преземени конкретни активности и во тек е изградбата на ново крило на одделението за притвор во Затворот Скопје со капацитет за уште 170 лица, кое се очекува да профункционира во втората половина од 2009 година.

## 3) Старосна структура на осудените лица

До 31.12.2008 година старосната структура на осудените лица, кои се наоѓале на издржување на казната затвор во казнено-поправните установи е прикажана во дијаграмот бр.5

**Дијаграм број 5**




Во казнено-поправните установи во Републиката, најголемиот број на осудени лица биле на возраст помеѓу 29 и 39 години или изразено во бројка - 890 осудени лица или 31%. Потоа доаѓа втората категорија од 702 лица на возраст од 23 до 29 години, односно 25 % од вкупниот број осудени лица кои се наоѓале на издржување на казната затвор.

Од овој податок може да се заклучи дека во казнено-поправните установи осуденичката популација е релативно млада, односно најголемиот број на осуденилица се на возраст до 39 години. Бројот пак,  на осудени лица над 69 години е мал, односно изнесува 3 % од вкупниот број на осудени лица.

Структурата на малолетниците спрема кои се извршувала воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом е прикажана во дијаграмот бр.6

**Дијаграм број 6**




Во ВПД Тетово 49% од вкупниот број на лицата кои ја извршуваат воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се наоѓа на возраст од 18 до 21 година, додека само 7 % од вкупниот број се наоѓаат на возраст од 21 до 23 години.

Старосна структура на осудените лица кои се наоѓале на издржување на казната малолетнички затвор во Затворот Охрид

**Дијаграм број 7**



### 3) Структура на осудените лица во зависност од видот на кривичното дело

Во казнено-поправните установи во текот на 2008 година **најголемиот број осудени лица издржувале казна затвор за кривични дела против имотот** и тоа вкупно 1229 лица од кои најголемиот дел 638 осудени лица казната ја издржувале во КПД Идризово.




За кривични дела **против животот и телото** во текот на 2008 година казна затвор издржувале вкупно 311 осудени лица, од кои најголемиот број во КПД Идризово (186 осудени лица) и во Затворот Скопје (46 осудени лица).

За кривични дела **против слободите и правата на човекот и граѓанинот** казна затвор издржувале 32 осудени лица и тоа во КПД Идризово (24 осудени лица), Затворто Скопје (5 осудени лица), КПД Штип (1 осудено лице) и во Затворот Битола (2 осудени лица).

Само во Отвореното одделение на Затворот во Куманово во Крива Паланка две осудени лица издржувале казна затвор за кривични дела **против честа и угледот**.

За кривични дела против **половата слобода и половиот морал** казна затвор издржувале вкупно 135 осудени лица.




Вкупно 19 осудени лица издржувале казна за кривични дела **против бракот, семејството и младината**, од кои најголемиот дел (8 осудени лица) во Затворот Скопје, по 4 осудени лица во Затворот Битола и во КПД од отворен вид Струга и по едно осудено лице во КПД Идризово, Затворот Прилеп и КПД Штип.

Голем е бројот и на осудени лица кои издржувале казна затвор за кривични дела **против здравјето на луѓето** (вкупно 307 осудени лица).




Само едно лице издржувало казна затвор за кривично дело **против животната средина и природата** во Затворот Скопје.

За кривични дела **против јавните финансии и платниот промет** казна затвор издржувале вкупно 47 лица, од кои најголемиот дел во Затворот Скопје (16), Затворот Битола (10) и во КПД Идризово(8).

За кривични дела против **општата сигурност на луѓето и имотот** вкупно издржувале казна затвор 29 осудени лица од кои најголемиот број во Затворот Скопје (15) и во КПД Идризово (8).

Вкупно 145 осудени лица издржувале казна затвор за кривични дела **против безбедноста на јавниот сообраќај** од кои најголемиот број во Затворот Скопје. За овој вид кривични дела немало осудени лица единствено во Затворот Тетово и во Затворот Охрид.

Вкупно 13 осудени лица издржувале казна затвор за кривични дела **против државата** од кои едно лице во Затворот Скопје, додека останатите 12 во КПД Идризово.

Само едно лице издржувало казна затвор за кривично дело **против вооружените сили** во Отвореното одделение Крива Паланка на Затворот во Куманово.

Вкупно 40 осудени лица издржувале казна затвор за кривични дела **против службената должност** од кои најголемиот дел во КПД Идризово (16) и во Затворот Скопје (10).

За кривични дела **против правосудството** казна затвор издржувале вкупно 5 лица и тоа во Затворот Скопје (2), во Затворот Тетово (2) и во Отвореното одделение Крива Паланка (1).

Вкупно 60 лица издржувале казна затвор за кривични дела **против правниот сообраќај** од кои најголемиот број во Затворот Скопје (35).

Вкупно 164 лица издржувале казна затвор за кривични дела против јавниот ред.




За кривични дела **против човечноста и меѓународното право** казна издржувале вкупно 86 осудени лица од кои најголемиот дел во КПД Идризово (61) и во Затворот во Скопје (10).

**5) Структура на осудените лица во зависност од висината на казната**

Во казнено-поправни установи најголем број од осудените лица односно 510 лица издржувале казна затвор во траење од 1 до 2 години, а голем е бројот на осудени лица кои издржувале казна затвор од 6 месеци до 1 година (439 осудени лица).

Во табелата бр.4 е прикажан бројот на осудени лица распоредени во казнено-поправните установи во зависнот од висината на казната

**Табела број 4**

| **Казнено-поправна установа** | **до 3 месеци** | **3 - 6 мес.** | **6 мес. - 1 год** | **1 - 2 години** | **2 - 3 години** | **3 - 5 години** | **5 - 10 години** | **10-15 години** | **Доживотен затвор** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КПД Идризово | 3 | 4 | 86 | 187 | 153 | 267 | 304 | 239 | 24 |
| КПД Идризово со Отворено одделениие во Велес | 1 | 7 | 10 | 5 | 7 | 4 | 1 | 0 | 0 |
| Скопје | 12 | 49 | 181 | 192 | 110 | 65 | 18 | 1 | 0 |
| Битола | 23 | 18 | 25 | 7 | 8 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Прилеп | 6 | 18 | 25 | 37 | 14 | 26 | 15 | 4 | 0 |
| Тетово | 37 | 42 | 34 | 22 | 15 | 11 | 2 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 7 | 8 | 11 | 12 | 11 | 6 | 3 | 0 | 0 |
| Струмица | 7 | 8 | 12 | 12 | 6 | 0 | 5 | 1 | 0 |
| КПД Штип | 11 | 24 | 25 | 22 | 24 | 26 | 21 | 7 | 0 |
| Охрид | 0 | 0 | 0 | 4 | 11 | 7 | 9 | 0 | 0 |
| КПД отворен вид Струга | 24 | 33 | 21 | 8 | 5 | 3 | 1 | 1 | 0 |
| Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка | 11 | 15 | 9 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **142** | **226** | **439** | **510** | **364** | **417** | **379** | **253** | **24** |

### 6) Погодности што осудените лица ги користеле во 2008 година

За доброто поведение и залагање во работата, поттикнување на доброто однесување и развивање на чувство на одговорност, на осудените лица можат да им се дадат одделни погодности како што се:

1. Продолжени посети или посети без надзор во просториите на установата;
2. Престој со брачен или вонбрачен другар во посебна просторија без надзор;
3. Посети надвор од просториите на установата;
4. Слободен излез од установата до 7(седум) часа;
5. Отсуство до 15 (петнаесет) дена во текот на годината, со тоа што отсуството во текот на месецот не може да биде подолго од 3(три) дена;
6. Целосно користење на одморот надвор од установата;
7. Делумно користење на одморот надвор од установата;

Во Табелата бр.5 се претставени видовите на погодности и вкупниот број на погодностите кои ги користеле осудените лица во текот на 2008 година

**Табела бр.5**

| ПОГОДНОСТИ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА | |
|---|---|
| **Вид на погодност** | **Број на погодности** |
| Продолжени посети и посети без надзор | **181** |
| Престој со брачен или вонбрачен другар во посебна просторија без надзор | **193** |
| Посети надвор од просториите на установата | **411** |
| Слободен излез од установата до 7 часа | **885** |
| Отсуство до 15 дена во текот на годината | **5028** |
| Целосно користење на одмор надвор од установата | **359** |
| Делумно користење на одморот надвор од установата | **293** |
| Вкупно | **7350** |

**7) Здравствена заштита на затворската популација во казнено-поправните установи**

Во соработка со Министерството за здравство во април и мај 2008 година на 1350 лица во КПД Идризово биле извршени систематски прегледи, при што им била направена контрола на белите дробови, на кардиоваскуларниот систем – ЕКГ, крвниот притисок и нивото на шеќер во крвта, а подоцна медицински прегледи биле извршени и на осудените лица во другите казнено-поправни установи. Од страна на Институтот за белодробни заболувања е извршено редовно флуорографско снимање на сите осудени лица. Преку Глобал фонд биле спроведени повеќе едукациони циклуси како за вработените така и за осудените лица во казнено-поправните установи, заради заштита од тешки заразни заболувања (сида, хепатит Ц и слично). Вкупниот број на заболени од хепатит Ц бил 93 осудени лица, од ТБЦ 4 осудени лица додека немало осудени лица кои биле заболени од ХИВ-СИДА.

Во текот на 2008 година извршени се 13.333 здравствени прегледи на осудените лица од кои само во КПД Идризово направени се 8726 прегледи, 3000 прегледи во Затвор Скопје, во КПД Штип 850, во Затвор Тетово 313, додека во останатите казнено-поправни установи бројот е помал, меѓутоа е во согласност со бројот на осудени лица кои ја издржуваат казната во тие казнено-поправни установи.

Во Затворот Скопје биле направени 3202 прегледи на лицата кои ја издржувале мерката притвор.

**8) Разместување на осудените лица**

**8.1 Преместување на осудени лица**

Согласно чл.157 од Законот за извршување на санкциите осуденото лице по негова молба или по предлог на директорот на установата може да биде преместено на натамошно издржување на казна затвор од една во друга установа. За преместувањето одлучува директорот на Управата. Осудените лица кои се незадоволни од одлуката на директорот на Управата за извршување на санкциите, имаат право на жалба до Министерот за правда.

**Во 2008 година до Управата за извршување на санкциите биле поднесени вкупно 301 барање, односно предлог за преместување на осудените лица од една во друга казнено-поправна установа, од кои 200 биле позитивно решени, додека 101 барање односно предлог за преместување биле одбиении.**

Табеларен приказ на бројот на преместувања на осудени лица
**Табела бр.6**

| **Казнено-поправна установа** | **Преместување на осудени лица** | |
|---|---|---|
| | **од друга установа** | **во друга установа** |
| КПД Идризово | 9 | 233 |
| Отворено одделение на КПД Идризово во Велес | 1 | 4 |
| Затвор Скопје | 0 | 20 |
| Затвор Битола | 39 | 19 |
| Затвор Прилеп | 67 | 5 |
| Затвор Тетово | 15 | 4 |
| Затвор Гевгелија | 12 | 0 |
| Затвор Струмица | 0 | 0 |
| КПД Штип | 86 | 6 |
| КПД од отворен вид Струга | 18 | 2 |
| Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка | 0 | 0 |
| Затвор Охрид | 4 | 0 |
| ВПД Тетово | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **244** | **63** |

## 8.2 Прекин на издржувањето на казната затвор

Согласно чл.158 од Законот за извршување на санкциите директорот на Управата за извршување на санкциите, по молба на осуденото лице или по предлог на директорот на казнено-поправната установа може да одобри прекин на извршување на казната доколку постојат причини за тоа. За прекин на издржувањето на казната на осуденото лице до 30 дена одлучува директорот на Управата за извршувањето на санкциите, а над 30 дена одлучува надлежнниот судија за извршување на санкциите. Против решението на директорот на Управата, осуденото лице има право на жалба до министерот за правда во рок од три дена од

приемот на решението. Времето поминато на прекин на казната не се смета во издржаната казна.(чл.159).

**Во текот на 2008 година биле поднесени 76 молби односно предлози за прекин на казната. Од нив 37 биле решени позитивно додека 39 молби односно предлози за прекин на казната биле одбиени .**

Позитивни решенија по барањата за прекин на издржувањето на казната затвор најчесто се донесуваат во случај на тешки и акутни заболувања на осудените лица кои нема можност да се лечат во установата и кога е потребно неодложно стационарно лекување во специјализирани здравствени установи.

Табеларен приказ на бројот на прекини на издржувањето на казната затвор

**Табела бр.7**

| **Казнено-поправна установа** | **Прекин на казната** | |
|---|---|---|
| | **до 30 дена** | **над 30 дена** |
| КПД Идризово | 17 | 5 |
| КПД Идризово со Отворено одделениие во Велес | 1 | 0 |
| Затвор Скопје | 9 | 1 |
| Затвор Битола | 1 | 0 |
| Затвор Прилеп | 1 | 1 |
| Затвор Тетово | 4 | 2 |
| Затвор Гевгелија | 0 | 0 |
| Затвор Струмица | 1 | 4 |
| КПД Штип | 2 | 6 |
| КПД од отворен вид Струга | 0 | 0 |
| Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка | 1 | 0 |
| Затвор Охрид | 0 | 0 |
| ВПД Тетово | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **37** | **19** |

## 8.3 Прогресирање и репрогресирање на осудените лица

Согласно чл.154 од Законот за извршување на санкциите, осудените лица во текот на издржувањето на казната, зависно од резултатите на воспитувањето, поведението и залагањето во работата можат да прогресираат од установа од затворен во полуотворен или отворен вид односно во соодветните одделенија на истата установа, а по нивно барање, осудените лица можат да прогресираат од установа од полиберален вид во отворено или полуотворено одделение на установа од построг вид или пак од една во друга установа од ист вид, доколку постојат основани причини што ќе придонесат за нивна поуспешна ресоцијализација. За прогресирање на осудените лица од една во друга установа одлучува директорот на Управата по предлог на директорот на установата или по барање на осуденото лице(чл.155).

**Во текот на 2008 година биле прогресирани вкупно 710 осудени лица од кои 652 прогресирале внатре во самата установа, додека 58 осудени лица прогресирале во друга полиберална установа.**

Согласно чл.156 од Законот за извршување на санкциите доколку осуденото лице со своето поведение и односот кон работата не ја оправда довербата за упатување или прогресирање во установата од полиберален вид, може да биде вратено (да репрогресира) од установата од полиберален вид во установа од построг вид, односно во соодветно одделение на истата установа. За враќање на осуденото лице од установа од полиберален во установа од построг вид по предлог на директорот на установата одлучува директорот на Управата.

**Во текот на 2008 година биле репрогресирани вкупно 176 осудени лица од кои 160 биле репрогресирани внатре во установата, додека 16 осудени лица биле репрогресирани во друга установа.**

Табеларен приказ на бројот на прогресирање и репрогресирање на осудените лица по КПУ

**Табела бр. 8**

| **Казнено-поправна установа** | **Прогресирање на осудени лица** | | **Репрогресирање на осудени лица** | |
|---|---|---|---|---|
| | **Внатре во установата** | **Од една во друга установа** | **Внатре во установата** | **Од една во друга установа** |
| КПД Идризово | 384 | 16 | 87 | 0 |
| КПД Идризово со Отворено одделениие во Велес | 12 | 0 | 5 | 0 |
| Затвор Скопје | 0 | 12 | 0 | 2 |
| Затвор Битола | 48 | 3 | 7 | 4 |
| Затвор Прилеп | 24 | 0 | 7 | 0 |
| Затвор Тетово | 36 | 0 | 1 | 2 |
| Затвор Гевгелија | 13 | 6 | 9 | 0 |
| Затвор Струмица | 0 | 16 | 0 | 1 |
| КПД Штип | 25 | 5 | 6 | 3 |
| КПД од отворен вид Струга | 52 | 0 | 0 | 4 |
| Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка | 10 | 0 | 2 | 0 |
| Затвор Охрид | 10 | 0 | 2 | 0 |
| ВПД Тетово | 38 | 0 | 34 | 0 |
| **Вкупно** | **652** | **58** | **160** | **16** |

## 9) Работно ангажирање на осудените лица

Во пенитенцијарниот систем на Република Македонија, работното ангажирање на осудените лица претставува составен дел на процесот на ресоцијализација и тоа е утврдено само како право, а не и како обврска за работа. Целта на работата е осудените лица да се здобијат со работни навики, да ги одржуваат своите работни способности и да го зголемат стручното знаење за полесно да се вклучат во условите за живот на слобода. Според современата пенолошка практика, во казнено-поправните установи во Република Македонија

работното ангажирање на осудените лица се смета за една од примарните методи во превоспитниот процес со што се создаваат услови за вклучување на осуденичката популација во животот на слобода.

Осудените лица работат сообразно со своите физички и психички способности, а при определувањето на работното ангажирање, имајќи ги предвид можностите на установата, се води сметка и за желбата на осуденото лице за вршење на определени работи.

Работата на осудените лица се организира и врши, по правило, во стопански единици во установата. Осудените лица со третман на отворено одделение можат да работат и надвор од установата, а оние со третман на полуотворено одделение можат да работат повремено и под надзор во правни лица и други институции, доколку се обезбедени услови за извршување на казната затвор определени со Законот за извршување на санкциите и доколку се обезбедени минимални технички услови за работа.

Лицето осудено на казна затвор до шест месеца за кривично дело што не е поврзано со природата на работата, може во работно време да работи во правното лице каде што работело пред издржувањето на казната.

Согласноста за работа надвор од установата ја дава директорот на Управата кој склучува договор со правното лице, односно институцијата и обезбедува писмена согласност на осуденото лице.

Осудените лица имаат право на надоместок за работата.

Осудените лица кои за време на издржувањето на казната работеле повеќе од шест месеци, имаат право на непрекинат одмор во текот на една година, според општите прописи.

**Во текот на 2008 година до Управата за извршување на санкциите биле поднесени вкупно 293 барања за работно ангажирања на осудени лица од кои на 275 осудени лица им било дозволено да бидат работно ангажирани надвор од установата додека 18 барања биле одбиени.**

## 10) Дисциплинска одговорност на осудените лица

Со своето однесување осудените лица не смеат да го нарушуваат редот и дисциплината во установата. Секое непочитување и постапување спротивно на одредбите на куќниот ред, повлекува соодветна дисциплинска и материјална одговорност.

### 10.1 Дисциплински повреди

Дисциплинските повреди можат да бидат потешки и полесни. Видовите на потешките повреди на редот и дисциплината се пропишани со Законот за извршување на санкциите, додека полесните повреди на дисциплината се утврдуваат со куќните редови на секоја установа.

Потешки дисциплински повреди се:

1. неисполнување на наредба на службено лице со што би се предизвикале поголеми нарушувања во работењето на Установата,
2. физички напад на службено лице,
3. физички напад на осудено лице,
4. внесување или изработка на предмети што можат да се користат за напад , бегство или за вршење на кривично дело,
5. бегство на издржување на казната затвор,
6. злоупотреба на дадените погодности,
7. внесување или изработка на алкохолни пијалоци и наркотични средства, нивно уживање или растурање.
8. намерна повреда на прописите за заштита при работа, заштита од пожар, заштита од експлозија или други природни несреќи,
9. предизвикување на поголема материјална штета предизвикана намерна или од крајно невнимание,
10. занимање со препродавање,
11. позајмување на пари и меѓусебно задолжување за лихварска камата,
12. присилување, вршење на психички и физички облик на притисок на други осудени лица и поттикнување кон тоа,
13. поседување и користење мобилни телефони или СИМ картички,
14. одбивање на тестирање на опојни или психотропни супстанци и заразни болести,
15. повторување на полесни повреди.

### 10.2 Дисциплински казни

За повреда на редот и дисциплината спрема осудените лица може да се применат дисциплински казни.

Бројот на дисциплинските повреди и изречените дисциплински казни во казнено-поправните установи е прикажан во табелата бр.9.

**Табела број 9**

| Казнено-поправна установа | Број на дисциплиски повреди и изречени дисциплиски казни | |
|---|---|---|
| | **Дисциплинска повреда** | **Дисциплински казни** |
| КПД Идризово | **2498** | **644** |
| КПД Идризово со Отворено одделениие во Велес | **11** | **11** |
| Затвор Скопје | **78** | **106** |
| Затвор Битола | **102** | **102** |
| Затвор Прилеп | **22** | **49** |
| Затвор Тетово | **17** | **17** |
| Затвор Гевгелија | **7** | **8** |
| Затвор Струмица | **17** | **17** |
| КПД Штип | **67** | **64** |
| КПД од отворен вид Струга | **18** | **18** |
| Затвор Куманово со Отворено одделен Крива Паланка | **6** | **10** |
| Затвор Охрид | **17** | **17** |
| ВПД Тетово | **120** | **120** |
| **Вкупно** | **2980** | **1183** |

Видовите на дисциплински казни кои им биле изречени на осудените лица во текот на 2008 година се прикажани во табелата бр.10

**Табела број 10**

| ВИДОВИ НА ДИСЦИПЛИНСКИ КАЗНИ | |
|---|---|
| **Вид на дисциплинска казна** | **Број на изречени дисциплински казни** |
| Опомена | **45** |
| Јавна опомена | **257** |
| Одземање на дел од надоместокот за работа во висина до 20 % | **2** |
| Ограничување на доделување на погодности, до 3 месеци, ако осудениот ги злоупотребил дадените погодности | **110** |
| Упатување во самица од 3 до 15 дена со право на работа | **13** |
| Упатување во самица од 3 до 15 дена без право на работа | **756** |
| Вкупно | **1183** |

Дисциплинските казни ограничување на доделување на погодности до 3 месеци и упатување во самица од 3 до 15 дена со или без право на работа можат да се изречат само за потешки повреди на дисциплината.

## 11) Бегства на осудени лица

Во текот на 2008 година имало вкупно 108 бегства на осудени лица, од кои 16 оддалечувања од рамките на установата, а останатите не се вратиле од домашно отсуство. Од вкупниот број осудени лица кои биле во бегство 79 се вратени, односно приведени од страна на Министерството за внатрешни работи, додека 29 лица се сеуште во бегство.

## IV. НАДЗОР ВО РАБОТАТА НА УСТАНОВИТЕ

Една од основните надлежности на Управата за извршување на санкциите е и вршењето на стручно-инструкторскиот надзор на извршувањето на казните затвор и малолетнички затвор и извршувањето на мерката упатување во воспитно-поправен дом. Овој надзор непосредно го остваруваат инспектори за извршување на санкциите.

Реализирајќи ја својата обврска пропишана во член 77 од Законот за извршување на санкциите, Управата за извршување на санкциите преку своите инспектори во текот на 2008 година изврши редовен надзор во работењето на сите казнено-поправните установи: КПД Идризово, КПД Штип, КПД од Отворен вид Струга, Затвор Тетово, Затвор Охрид, Затвор Скопје, Затвор Битола, Затвор Гевгелија, Затвор Струмица, Затвор Прилеп како и на Отвореното одделение на затвор Куманово во Крива Паланка и Отвореното одделение на КПД Идризово во Велес. Исто така, во текот на годината беа направени и повеќе вонредни посети на установите по низа прашања од доменот на нивното работење, така што Управата преку непосредните контакти постојано беше присутна и во тек со проблемите со кои се соочуваат установите во текот на нивното работење и со свои укажувања, упатства и препораки конкретно и директно се ангажираше за надминување на одредени состојби и проблеми.

Управата со надзорите изврши увид во законитоста на работењето на установите при што ги согледа состојбите преку целосна обиколка и увид на сите простории во кои престојуваат и работат како осудените лица, така и вработените во установите. Притоа се водени разговори со осудените и вработените лица, извршен е увид во водењето на стручните, личните и медицинските досија на осудените лица, начинот на вршењето на работите од страна на сите сектори во установите, одржувањето на хигиената, подготвувањето на храната, начинот на спроведувањето и видовите на работното ангажирање на осудените лица,

Општ впечаток е дека установите во своето работење се соочуваат низа потешкотии како што се недоволните сместувачки услови за престој и работа на осудените и притворените лица поради нивниот зголемен прилив, недоволната екипираност на секторите за обезбедување, ресоцијализација и здравствена заштита, недоволната техничка опременост, ниските плати, како и несоодветните услови за работа на затворскиот персонал. Покрај објективните околности, со надзорите се констатирани и одредени недоследности и пропусти во работењето и од субјективен карактер, така што сите состојби се записнички констатирани и донесени се решенија во кои е тоа укажано и се дадени инструкции и предлози на кој начин и во кој рок тие треба да се надминат, за да се обезбеди законито остварување на функцијата.

Во тие рамки, согласно констатираните состојби со надзорите и другите контакти што ги остварува Управата со установите, нејзините активности се одвиваа во повеќе насоки и тоа:

-давање инструкции во настојувањето да се применуваат сите законски, подзаконски и меѓународни прописи од обласа на извршувањето на санкциите и особено почитувањето на човековите права;

-укажување за постапување по конкретни предмети, за водење на евиденција во стручните досија и нивно унифицирање во сите установи;

-давање инструкции во поедини случаи за начинот на вршењето на работите на секторот за обезбедување со цел да се зголеми безбедноста на како на осудените така и на вработените лица, а и на установите во целост;

-укажување за изнаоѓање на нови облици за работно ангажирање на осудените лица во стопанските единици на установите;

-посочување да се прават напори да се зголеми хигиената на сите простории со нивно редовно проветрување и белење, а особено хигиената и исправноста на санитарните јазли во сите установи.

## 1.КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС

### -Казнено-поправен дом Идризово

Во 2008 година беа извршени два стручно-инструкторски надзори во почетокот и на крајот на годината (во февруари и декември). Во двата временски периоди беше евидентна преполнетоста на оваа Казнено – поправна установа. Оваа околност беше причина некои законски права на осудените лица да не можат или многу тешко да се остваруваат како што се: обезбедување доволно простор во собите за секое осудено лице, овозможување одржување на личната и општата хигиена, доволен престој на свеж воздух, осветлување, греење, вентилација и др.

Имајќи предвид дека за релативно краток временски период се очекуваат поголеми градежни зафати, изградби и реконструкции, дадени се предлог мерки и донесени се решенија со кои главно се укажува на субјективните слабости и потребата од нивно отстранување како и зголемена активност при извршување на работните обврски од страна на сите вработени во Домот. Пропустите што се забележани претежно се однесуваат на доопремувањето и подобрата организираност во работењето на секторот за обезбедување, потоа доследност, принципиелност и еднаквост при постапувањето со осудените и одлучувањето и определувањето на нивниот третман и користењето на погодностите, воспоставување на процедури за одредени секојдневни работи (користење здравствена заштита, запишување на брачен другар во картонот за посети, одење на разговор кај воспитувачот и слично). Воедно дадени се одредени забелешки за неодржувањето на објектите, неодржувањето на хигиената како и недоволната контрола на движењето и престојот на осудените во одделни делови и простории во Домот.

Дел од предложените мерки се отстранети меѓутоа останува фактот на преполнетост на оваа Установа и тешкотиите што на тоа се надоврзуваат, што создава огромен проблем како во остварувањето на правата на осудените лица така и во нормалното функционирање на Установата.

**-Отворено одделение во Велес**

Во Отворенoто одделение во Велес стручно-инструкторски надзори беа извршени во април и декември 2008 година

Ова Одделение е составен дел на КПД Идризово, но бидејќи во него директно се упатуваат осудени лица од Основниот суд Велес, при надзорот се укажа на обврската за водење на сите потребни книги за евиденција согласно Упатството за видот на евиденцијата, содржината и начинот на водењето на матичните книги и личниот лист за осудените и притворените лица. Беше побарано подобро организирање на превоспитувањето и евиденцијата на стручните досија на осудените како и подобрување на хигиената, организацијата на престојот на осудените лица и давање овластување на раководителот на одделението за водење на дисциплинските постапки.

При вториот надзор во голема мера сите овие забелешки преточени во решение беа отстранети.

## 2.ЗАТВОР СКОПЈЕ

Надзорот во Затворот Скопје беше извршен во декември 2009 година.

Преполнетоста на осуденичките и притворските капацитети драстично се изразени и во Затворот Скопје. Со ова се загрозува нормалното и редовното функционирање на Установата и во голема мера се попречува остварувањето на правата на осудените и притворените лица. Особено критична е состојбата во затвореното одделение каде заедничката просторија и трпезарија се претворени во простории за сместување на осудени лица. Забелешките за оваа Установа се однесуваат во делот на подобра организираност на секторот за обезбедување, особено за почеста и континуирана присутност во делот каде престојуваат притворените лица. Укажано е на неопходното подобрување на условите на осудените од затворено одделение со санирање на тоалетите, набавка на маси, столици и ормари за сместување на личните ствари на осудените.

## 3.ЗАТВОР ТЕТОВО

Во Затворот Тетово за време на надзорите извршени во април и октомври 2008 година, беше забележана недоволната контрола на извршување на обврските дадени на осудените лица, преполнетост на притворската и осуденичката популација, недостаток на ормари за сместување на личните предмети на осудените, руинирани и нечисти тоалети како и лошо организирање на работата на Секторот за обезбедување. Забележани беа и низа слабости во однесувањето на осудените (продавање чај, кафе и сл.) што не било забележано од службените лица.

Во решението од стручно-инструкторскиот надзор беше укажано на потребата за изградба или адаптација на соодветна просторија во притворското одделение за сместување на припадник на секторот за обезбедување и негово постојано присуство во овој дел на Затворот, како и водење на рапортна книга за притворените лица. За подобро организирање на секторот за обезбедување беше укажано да се изготви распоред за работа за секоја смена во кој ќе биде конкретизирано кој припадник во кое третманско одделение ќе биде ангажиран.

## 4.ЗАТВОР СТРУМИЦА

Надзорот на оваа Установа беше извршен во ноември 2008 година.

Затворот Струмица кој започна да функционира како посебна установа од полуотворен вид во 2008 година многу лесно и со успех се трансформира и прилагоди за вршење на работи од таков тип на установа. Организацијата на сите сектори, хигиената, остварувањето на правата на осудените како и се останато во делот на извршување на казната затвор согласно пропишаните прописи беше на завидно ниво. Малите укажувања во однос на потребата од водење дополнителни книги во секторот за обезбедување беа на лице место и веднаш отстранети.

## 5.ЗАТВОР ГЕВГЕЛИЈА

Стручно-инструкторските надзори во Затворот Гевгелија извршени се во месец април и ноември. Притоа констатирани се одредени слабости од формално правна природа. Дадени се задолженија за водење книги што недостасуваат во матичното одделение и секторот за обезбедување. Укажано е на потребата од определување третман на осудените лица од што ќе зависи и нивното работно ангажирање надвор од Установата (само за осудени лица со отворен третман). Мали забелешки имаше и во делот на одржувањето на хигиената и контролата на просториите за престој на осудените лица, заедничките простории и санитарните јазли.

## 6.КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ШТИП

Стручно – инструкторскиот надзор во КПД Штип што е извршен во декември 2008 година, во голема мера ги содржеше укажувањата во делот на настанатите проблеми што се јавуваат и потребата од нов вид на организација, од причини што установата почна да функционира како казнено – поправен дом од затворен вид. Укажувањата пред се се однесуваа на секторот за ресоцијализација и потребата стручните досиеја на осудените лица редовно да се пополнуваат, да се изготвуваат криминолошки анамнези, да се оформи приемно одделение како и

воведување на пракса воспитувачите секојдневно да се присутни во просториите каде престојуваат осудените лица заради контрола на нивните задолженија и активности. Беше укажано на начинот на решавањето на одделни прашања како на пример: користење на погодноста - слободно видување, изнаоѓање просторија за остварување на посетите на осудените лица од затвореното одделение и изнаоѓање начин за работно ангажирање на осудените лица од затвореното одделение. Забелешки имаше и во делот на подобро организирање на секторот за обезбедување особено во делот на доопремувањето со пенолошки симболи и отстранување на оружјето од внатрешноста на установата и негово сместување во побезбедна просторија.

## 7.ЗАТВОР БИТОЛА

За време на стручно – инструкторскиот надзор на Затворот Битола во декември 2008 година, констатирани беа низа пропусти и слабости во работењето на сите сектори во Установата. Секторот за обезбедување и покрај тоа што е кадровски добро екипиран, очигледна беше негова недоволната организираност. До оваа констатација е дојдено поради честото присуство на припадници на секторот во дежурната просторија која патем беше многу руинирана и неодржувана. Исто така, и однесувањето на припадниците на секторот кон осудените лица е грубо и со чести навреди. Во матичното одделение исто така забележана е неорганизираност и неможност да се утврди која вработена што работи и кои им се работните задачи. Определени забелешки имаше и во здравствениот сектор и секторот за ресоцијализација. Хигиената во заедничките и санитарните простории не беше на високо ниво.

## 8.ЗАТВОР ПРИЛЕП

Во 2008 година и Отвореното Одделение на Затвор Битола во Прилеп, се трансформира во установа од полуотворен вид – Затвор Прилеп.

При надзорот на оваа Установа во декември 2008 година, констатирано беше дека секторите добро функционираат со забелешка дека секторот за обезбедување не е доволно кадровски екипиран и не е опремен со оружје, технички средства и друга опрема. Главно забелешките се однесуваа на нехигиената во просториите на осуденичкиот стандард (кујна, трпезарија, бањи и тоалети, заеднички простории, шеталишта и сл.)

## 9.ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ НА ЗАТВОРОТ КУМАНОВО ВО КРИВА ПАЛАНКА

При стручно – инструкторскиот надзор на ова Одделение извршен во ноември 2008 година, констатирани се низа пропусти кои се однесуваат за начинот на доделување на погодностите, водењето на стручните досиеја на осудените, нехигиената во заедничките и помошните простории на кујната и магацините како и не водење на потребни книги согласно Упатството.

## 10.КАЗНЕНО- ПОПРАВЕН ДОМ ОД ОТВОРЕН ВИД СТРУГА

Стручно – инстукторски надзор во Казнено - поправниот дом од отворен вид Струга е извршен во април и октомври 2008 година. Од увидот во работата на матичното одделение во оваа Установа, констатирано е исклучително добро водење на матичната евиденција на осудените лица. Имено, сите потребни книги пропишани со Упатството за видот на евиденцијата, содржината и начинот на матичните книги и личниот лист на осудените лица уредно и точно се пополнуваат. Евидентирана негативност во секторот за ресоцијализација е таа што на осудените лица им се даваат повеќе погодности од пропишаните во текот на еден месец, особено домашните отсуства.

Имајќи ги предвид субјективните пропусти, укажано и на Директорот на Установата да преземе мерки и активности за подобрување на хигиената во Установата во сите заеднички простории, погодностите во текот на еден месец да се даваат согласно законските одредби и Куќниот ред на Домот, да се формира комисија која ќе ги води дисциплинските постапки спрема осудените лица, да го доопреми секторот за обезбедување со набавка на делови од униформа и технички средства како и да организира поголема будност и ангажирање на овој сектор во однос одржувањето на редот и дисциплината во установата.

## 11.ЗАТВОР ОХРИД

Од извршените стучно - инструкторски надзори во април и октомври 2008 година, во Затворот Охрид е констатирано дека матичната книга за осудените лица уредно се води и навремено се пополнува. Потребно е доопремување на секторот за обезбедување со зимска униформа, чевли и друга неопходна опрема, како и негова подобра организираност во работењето. Неопходно е воведување на рапортна книга во која секторот за обезбедување ќе ги евидентира сите случувања во притворското одделение (посети, здравствени прегледи, престој на чист воздух и сл.). Исто така, укажано е да се воведе евиденција на поднесоците што ги испраќаат притворените лица надвор од Установата.

Дадени се забелешки и во однос на одржувањето на хигиената и ангажирањето на осудените лица во средувањето на просториите во Затворот во кои тие престојуваат.

### <u>Заклучни согледувања од извршените надзори</u>

Во записниците од извршените надзори посебно се истакнува проблемот со пренатрупаноста на казнено – поправните установи (посебно на КПД Идризово и Затвор Скопје). Заради објективни ограничувања од пренатрупаните установи постојат потешкотии во остварувањето на сите права на осудените и притворените лица како што се: обезбедување доволно простор во просториите за престој за секое осудено или притворено лице, овозможување на секое лице лишено од слобода да престојува на чист воздух најмалку два часа, класификација на

осудените лица во рамките на затворот имајќи ги предвид нивните криминолошки особини и слично.

Како посебен проблем се наведува квалитетот на сместувачките капацитети во кои престојуваат осудените и притворените лица истакнувајќи дека поради староста и дотраеноста на поодделни објекти и несоодветните архитектонски решенија, во некои од просториите има влага, недостасуваат доволно санитарни јазли, а дел од нив се во неисправна состојба, а во поодделни простории недостасува и доволна дневна светлина.

Посебно се нагласува потребата од работно ангажирање на поголем број осудени лица во стопанските единици на установите.

За констатираните неправилности особено за оние од субјективна природа, се донесени решенија со кои директорите, раководителите на секторите или непосредните извршители се задолжени нив да ги отстранат во определен рок, а тие имаат обврска да достават повратна информација за постапувањето по забелешките.

Имајќи го предвид како најголем проблем недоволниот број и квалитетот на сместувачките капацитети во кои престојуваат осудените и притворените лица, Министерството за правда и Управата за извршување на санкциите, во рамките на реформата на пенитенцијарниот систем во Република Македонија започната со донесувањето на Законот за извршување на санкциите во 2006 година, преземаа низа натамошни активности за подобрување на состојбите во казнено-поправните установи, за што се во тек крупни зафати за реформско подобрување на сместувачките услови во казнено-поправните установи. Во 2008 година започнаа преговорите за обезбедување заем од Банката за развој на Советот на Европа. Во декември 2008 година до Управата за извршување на санкциите беше доставен првиот неофицијален документ „Нацрт извештај за проценка на состојбите“ изработен од фирмата WYG Int.Ltd. која беше ангажирана од Европската комисија, што претставува солидна основа за планирање на натамошните активности за изработка на урбанистички и идејни проекти за добивање на заемот. Во тек е обезбедување на техничка документација за изградба, реконструкција и санација на казнено-поправните установи

## V. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО КПУ

### 1. Изготвени и донесени подзаконски акти врз основа на Законот за извршување на санкциите:

1.Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено-поправните и воспитно-поправните установи за 2008 година

2.Решение за распоредување на осудените, казнетите и малолетни лица во казнено – поправните и воспитно – поправните установи и на притворените лица во казнено – поправните установи (објавено во „Сл.весник на РМ“бр.84/2008 од 11.07.2008 год.);

3.Правилник за вооружувањето и начинот на вршење на работите на Секторот за обезбедување (објавено во „Сл.весник на РМ“бр.118/2008 од 19.09.2008 год.);

4.Програма за обука и едукација на вработените во КП и ВПУ (донесена на 24.11.2008 година)

5.Правилник за условите, постапката и начинот за издавање и одземање на дозвола за извршување на алтернативните мерки (објавено во „Сл.весник на РМ“бр.118/2008 од 19.09.2008 год.);

6.Правилник за извршување на стручно – инструкторскиот надзор во извршувањето на алтернативните мерки (објавено во „Сл.весник на РМ“бр.118/2008 од 19.09.2008 год.);

7.Правилник за видот и условите за извршување на општокорисната работа (објавено во „Сл.весник на РМ“бр.118/2008 од 19.09.2008 год.);

8.Правилник за нормативи за подготвување на храна – доставен за објавување до Секретаријат за законодавство

### 2. Активности за реновирање и опремување на КПУ

Во рамките на проектот ЕУ/КАРДС 2006 со средства од ЕАР, извршено е

- комплетно реновирање и опремување на целиот Затвор Прилеп, кој е пуштен во употреба во март 2008 година.

- надградба, доградба и санирање на објекти **во Казнено-поправниот дом Штип, втора установа од затворен вид во државата** чиј почеток на работа е одбележан на 22 октомври 2008 година.
- градежни работи во **Казнено-поправниот дом Идризово** во кои рамки се изградени нова пекара, перална и котлара и е реновирана постоечката кујна во женското одделение.

Со сопствени средства, во КПД Идризово извршена е реконструкција и адаптација на просториите за посети – видувалната и петте простории за слободно видување.

Во КПД Идризово, со помош на Глобал фонд, е формиран Регионален метадонски центар од причина што во овој Дом во 2006 година се детектирани 197 зависници, во 2007 година – 209, а во 2008 година – 466 зависници.

- Во **Затворот Скопје** веќе е во тек изградба на ново крило за притвор за 170 лица со што значително ќе се подобрат условите за престој на притворените лица. Исто така, преземени се и други активности:

  -реновирање на влезната капија;
  -санирање на бањата и набавка на бојлер во притворското одделение;
  -опремување на стоматолошка ординација;
  -санирање на две притворски простории.

Во **Затворот Тетово** целосно се опремени нова кујна и трпезарија и е завршено реновирањето на санитарните јазли.

Во **Затвор Куманово** целосно е завршена изградбата на затворската зграда.

Останатите објекти од комплексот се очекува да бидат завршени во 2009 година.

Во **Затворот Охрид** реновиран е дел од притворските простории.

Во **Затворот Гевгелија** реализирани се следните активности:

- реновирани се санитарните јазли во одделението за изолација;
- заменети се прозорците и вратите во Установата;
- инсталирано е парно греење во сите затворски простории;
- реновирани се просториите за престој на осудените лица;
- извршено е реновирање на пералната и бањата;
- извршено е реновирање и опремување на трпезарија и кујна
- набавен е фрижидер;.
- реновирање на приемно одделение
- набавена е машина за перење алишта

Во **Затворот Струмица** се извршени следните работи:

- сменети се прозорци во просториите за престој на осудените лица;
- реновирање на парното греење;
- набавена е машина за перење алишта.

Во **<u>Казнено-поправниот дом од отворен вид Струга</u>** е завршено:

- реновирање и опремување на простории за престој на осудените;
- адаптирање на магацински простор за спортски активности и за простории за работно ангажирање на осудените;
- реновирани се работните простории на вработените.

Во **<u>Затворот Битола</u>** е преземено:

- комплетно реновирање на просторијата за дежурната служба
- набавка на машина за перење алишта
- изградба на далновод и трафостаница и нивно ставање во функција за потребите на Стопанската единица
- реновирање на бања и санитарниот јазол во осуденичкиот дел
- реновирање и опремување на амбуланта
- изградба на нова просторија за видувална.

Набавени се 7 спроводни возила за следните установи: Идризово, Скопје, Штип, Струмица, Куманово, Затвор Тетово и Воспитно-поправниот дом Тетово.

Управата за извршување на санкциите има изготвено концепт за реализација на првата компонента за реформа на пенитенцијарниот систем за подобрување на сместувачките капацитети за осудените, притворените и малолетните лица, како и подобрување на условите за работа на персоналот во казнено-поправните установи.

Имајќи ги во вид активностите кои веќе се завршени како и оние кои се започнати за реализација на реформите, може да се заклучи дека:

- се поставени темелите, односно концептот на реформите во пенитенцијарниот систем во Република Македонија;
- се преземени активности за остварување на брзи резултати за значително подобрување на условите во кои се издржува казната затвор и мерката притвор

### 3. Активности за подигање и јакнење на кадровските капацитети во Управата за извршување на санкциите и во казнено-поправните и воспитно-поправните установи

Во 2008 година преземени се повеќе активности за подигнување на стручноста и јакнење на кадровските капацитети на вработените во Управата за извршување на санкциите и казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

#### 3.1.Обуки на вработените во Управата за извршување на санкциите:

Имајќи ја предвид одредбата од член 30 од Законот за државни службеници според која државниот службеник има право стручно да се оспособува и усовршува во согласност на потребите во органот во кој е вработен, државните службеници вработени во Управата за извршување на санкциите во текот на 2008 година ги посетија следниве обуки: двајца вработени од Одделението за управни работи и правни анализи беа на Обуката за номотехника организирана од Секретаријатот за законодавство и ГТЗ, двајца вработени го посетија Семинарот за стратешко планирање организиран од Владата на Република Македонија, а четворица беа на Обуката за Електронски јавни набавки.

Исто така, во текот на 2008 година еден инспектор за третман ја заврши Обуката за државен обучувач на затворските службеници и другите вработени во затворите организирана со заедничка програма меѓу Европската агенција за реконструкција и Советот на Европа како и Обуката за државен обучувач за човекови права во затвори, организирана за развој на сигурен и функционален затворски систем почитување на фундаменталните права и стандарди и подобрување на регионалната соработка во Западен Балкан. Во периодот од 3-6 март 2008 година инспектор во Управата беше на студиски престој во Естонија заради запознавање на затворскиот систем во оваа земја. Исто така, во текот на годината, вработени од овој орган ги поминаа следните обуки и семинари:Обуката организирана од Центарот за управување со кризи и тоа Обука против терористички напад; Семинар за постапување по претставки и поплаки организиран од Државниот управен испекторат; а во декември 2008 година Обуката за односи со јавноста организирана од страна на Владата на Република Македонија и Македонскиот институт за медиуми.

#### 3.2.Обука на кадри во казнено-поправните и воспитно-поправните установи

Директорот на Управата за извршување на санкциите, на 24.11.2008 година донесе Програма за едукација на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, според која во текот на годината ќе се спроведува иницијална и континуирана обука на вработените од установите во сите целни

групи: обезбедување, ресоцијализација, здравствена заштита и група за менаџирање во казнено-поправните установи.

Одржани се семинари за обука на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи организирани од страна на Европската агенција за реконструкција и во тие рамки во февруари 2008 година заврши курсот за обука на 109 вработени од установите во сите целни групи и тоа: обезбедување, ресоцијализација (една група за работа со возрасни и друга група за малолетни лица), здравствена заштита и група за менаџирање во казнено-поправните установи, со што се создаде обучен и подготвен кадар, кој ќе може да се справи со осуденичката популација. Завршени се и подготовките за иницијална обука за над 100 новопримени припадници во секторот за обезбедување, која започна во почетокот на месец октомври 2008 година.

Беше изработен и Оперативен план за обуки на вработените во секторот за обезбедување во сите казнено-поправни установи. Во рамките на Програмата за едукација и Оперативниот план, започнати се обуките на припадниците на секторот за обезбедување кои ќе продолжат континуирано да се одвиваат во сите установи

Врз основа на остварените средби во ноември 2008 година во Управата со раководителот на Одделот за пенитенцијарни системи при Директоратот за правни прашања на Советот на Европа, беа обезбедени средства за минимум две обуки на вработените во секторот за ресоцијализација. Првата обука се одржа на 4-ти и 5-ти март на тема „Постапување и третман на сексуални престапници (педофили)“ на која присуствуваа 30 учесници. Терминот и темата за втората обука ќе бидат утврдени дополнително.

Во насока на спроведување на Програма за обуки и едукација на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија, во април 2009 година се очекува да започне со имплементација проект со кој ќе бидат опфатени повеќе области за едукација на вработените во секторите за ресоцијализација. Проектот финансиски ќе биде подржан од Мисијата на ОБСЕ и УНИЦЕФ.

## VI. ПОДАТОЦИ ЗА СТОПАНСКИТЕ ЕДИНИЦИ

Во рамките на осум казнено-поправни установи и во Воспитно-поправниот дом Тетово функционираат стопански единици. Со оглед на времениот карактер на функционирање на Воспитно-поправниот дом Тетово во објект на Затворот Скопје, Стопанската единица на овој Дом сега не функционира поради немање соодветни просторни услови.

Во стопанските единици најчеста дејност е обработка на земјоделско земјиште, одгледување градинарски култури и работа во занаетчиски работилници.

Производите кои се добиваат најчесто се користат за потребите во установите, а вишокот на производи се продаваат.

- **Казнено-поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес**

Во состав на КПД Идризово функционираат две стопански единици:

1. СЕ " Економија" – лоцирана е во отворениот дел на Домот и во неа се вработени 14 лица и работно се ангажирани 61 осудено лице. Во својата дејност оваа Единица опфаќа:

-105 ха обработлива површина, од која на 92 ха се одгледуваат житни, сточарски, градинарски и индустриски култури, 7 ха се користат за пасишта, 4 ха се под езера и сепарација, а 2 ха се користат како плац за одземени возила. Од имот има објекти во кои се сместени млекара, краварник, овчарник и свињарник. Во оваа Стопанска единица се произведуваат млеко и млечни производи, градинарски производи кои најчесто се употребуваат за потребите во Домот, а дел се продава.

-краварство
-свињарство
-овчарство
-возен парк

2. СЕ " Препород" – лоцирана во затворениот дел на Домот. Основна дејност е производство на мебел и во работата вкупно се ангажирани 12 лица. Стопанската единица располага со производствени погони кои се во состав на Домот во кои се произведуваат мебел, пчелни сандаци, резбани предмети кои се продаваат, а дел се користат и за потребите на Домот.

Во својата дејност оваа Единица ги опфаќа следните сектори:
-дрвен сектор
-метален сектор
-техничко биро
-градежен сектор

- **Казнено-поправен дом Штип**

Во КПД Штип работи стопанска единица "Сончогледи", чија основна дејност е пољоделство, сточарство и трговија. Стопанската единица располага со 23 хектари обработливо земјиште, три трактора и фарма со домашни животни ( крави, кози, свињи). Вработени се две лица, а во работата се ангажираат и осудените лица и се произведуваат раноградинарски производи, месо и млечни производи, од кои дел се користат за потребите на Домот, а дел се продаваат.

- **Казнено-поправен дом од отворен вид Струга**

Во рамките на Домот е основана Стопанската единица "Солидарност", чија основна дејност е земјоделство, услуги и трговија. Стопанската единица располага со дуќан на градското пазариште, опрема, трактор, приклучни машини и Пикап. Во неа нема вработени лица и во работата се ангажирани 20-25 осудени лица. Како готови производи се добиваат градинарски производи и житни растенија.

- **Затвор Скопје**

Во Затворот Скопје работи Стопанска единица "8-ми Септември", чија основна дејност е одгледување на зеленчук, цвеќе, украсни билки и производство на семе за нив, како и миење на возила. Стопанската единица располага со обработливо земјиште, градежни објекти за автосервис, столарска и браварска работилница и фарма, опрема и основно стадо. Вкупно ангажирани се 6 вработени лица и месечно во просек околу 120 осудени лица. Готови производи кои се добиваат се спанаќ, детелина, овошје, свињи, прасиња и живина, од кои дел се користат за потребите на Затворот, а дел се продаваат.

- **Затвор Битола**

Во Затворот Битола работи Стопанска единица, која располага со обработливо земјиште, градежни објекти за стока и столарство, столарски машини и земјоделски машини. Готови производи кои се добиваат се: палети, граѓа, прасиња, телиња, јагниња, земјоделски производи и житарици од кои дел се користат и за потребите на Затворот, а дел се продаваат. Вкупно работно се ангажирани 26 осудени лица.

- **Затвор Прилеп**

Во Затворот Прилеп работи Стопанска единица, чија основна дејност е земјоделие и сточарство. Единицата располага со обработливо земјиште, свињарска фарма и магацини, два трактори и опрема. Готовите производи што се добиваат се земјоделски и градинарски производи и месо кои главно се користат за потребите на затворската менза, а дел се продаваат.

- **Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка**

Во Отвореното одделение на Затворот Куманово во Крива Паланка работи Стопанска единица "Наша Пракса", чија основна дејност е изработка на елементи од бетон. Стопанската единица располага со: магацина од 32 м2, плато од 360 м2, мешалка за бетон, булдожер (кој е во дефект), машини и опрема. Вработен е еден инструктор, а за извршување на работите се ангажираат осудени лица. Готовите производи се добиваат од бетон (бетонски столбови, плочи, корита) и се продаваат. Вкупно работно беа ангажирани 52 осудени лица

- **Затвор Охрид**

Стопанската единица “Пробација” во Затворот Охрид располага со еден стан и две деловни простории. Станот и едната деловна просторија се дадени под закуп, а другата просторија не се користи.

- **Затвор Гевгелија**

Затворот Гевгелија има регистрирано Стопанска единица „Топлик 2001“, која располага со опрема за земјоделски работи и тоа: 2 тракторски приколки од пет и две тони, плуг за трактор, косилка и агрегат.

- **Воспитно-поправен дом Тетово**

Во рамките на Воспитно-поправниот дом Тетово постои Стопанска единица "Сопствени приходи" која во моментот не функционира, но постои замрзната финансиска состојба од минатото.

- **Затвор Тетово**

Стопанската единица во рамките на Затворот Тетово остварува приходи само од работата на осудени лица надвор од Установата и не располага со никаков имот ниту се спроведува некаков производствен процес.

## VII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Управата за извршување на санкциите согласно надлежностите утврдени во член 9 и член 11 од Законот за извршување на санкциите, кон крајот на 2008 година донесе Стратешки план и акциона програма со кои се дефинираат активностите кои ќе бидат преземени во периодот 2009 – 2012 година, а со цел имплементација на Законот за извршување на санкции и меѓународните конвенции за заштита на човековите права.

Реформата во затворскиот систем се планира да се реализира низ две компоненти.

I. Подобрување на сместувачките капацитети за престој на осудените лица како и подобрување на работните простории за извршување на работните задачи на персоналот во казнено поправните и воспитно поправните установи.

II. Јакнење на капацитетот на вработените во казнено поправните и воспитно поправните установи.

### I. Подобрување на сместувачките капацитети за престој на осудените лица како и подобрување на работните простории за извршување на работните задачи на персоналот во казнено поправните и воспитно поправните установи

Првата компонента се однесува на изградба на нови затворски објекти како и реконструкција на постоечките објекти со цел создавање хумани услови за издржување на казната затвор.

Во рамките на проектот "Реконструкција на казнено поправните установи во Република Македонија" кој е финансиски подржан од Банката за развој на Советот на Европа се вклучени пет казнено поправни установи. За напредокот и текот на реализација на проектните активности Управата за извршување на санкции тековно ја информира Владата на Република Македонија.

Освен овој проект за тековната 2009 година се одвоени буџетски средства за подобрување на состојбата во КПД Идризово и тоа:

1. Реконструкција на т.н. "старачко одделение", која е во завршна фаза. Капацитетот на ова одделение е 35 до 40 осудени лица.

2. Реконструкција на т.н. “школо” која треба да се заврши за два месеци. Капацитетот на ова одделение е околу 100 осудени лица.
3. Демонтажа на старите фекални пумпи и монтажа на нови.
4. Реновирање на санитарните јазли во 2-ро, 5-то и 8-мо крило во зградата на затвореното одделение.
5. Замена на врати и молерисување во 2-ро, 5-то и 8-мо крило во зградата на затвореното одделение.
6. Изработка на платформа во 5-то и 8-мо крило.
7. Изградба на три шеталишта во затвореното одделение
8. Реновирање на санитарниот јазол во женското одделение
9. Набавка на стоматолошка столица за обезбедување примарна здравствена заштита на осудените лица
10. Набавка на комби возило за спровод на осудени лица

До крајот на јуни 2009 година ќе заврши и изградбата на новото притворско крило во Затворот Скопје.

**II. Јакнење на капацитетите на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи**

За реализација на оваа значајна компонента во реформите на затворскиот систем во 2009 годинаУправата за извршување на санкции ќе преземе повеќе активности и тоа:

Согласно Националната програмата за усвојување на европското законодавство за 2009 година од страна на Владата на Република Македонија се дозволени 88 нови вработувања во Управата за извршување на санкциите и казнено-поправните установи.

Од страна на Управата за извршување на санкции беше доставена препорака до сите казнено-поправните установи согласно оваа програма да се пополнат пред се работните места во Секторот за ресоцијализација и во Секторот за обезбедување, а да се избегнуваат пополнувањата на работни места во администрацијата. До сите казнено-поправните установи беше испратена препорака да се изврши доекипирање на приемните одделенија чија улога е потребно да се зајакне заради примена на современи методи за проценка на личноста на осудените лица пред се од безбедносен аспект и изработка на индивидуална програма за третман со што овие одделенија треба да имаат значајна улога во намалување на рецидивизмот.

Во рамките на Управата за извршување на санкциите како организационен облик е формиран посебен Сектор за едукација. Овој Сектор ќе биде одговорен за подготовка на проекти за едукација на вработените во казнено поправните и воспитно поправните установи во соработка со странски и домашни експерти како и за подготовка на билатерални програми за едукација како на постојните човечки ресурси, така и на сите новопримени вработени во казнено поправните и воспитно поправните установи.

Во рамките на оваа компонента исто така се планира во текот на јуни 2009 година да се започне со реализирање на проект подржан од Набљудувачката мисија на ОБСЕ. Основна цел на овој проект е изработка на Национална стратегија за развој на системот на ресоцијализација и рехабилитација на осудените лица. Како резултат од реализацијата на проектот треба да произлезат процедури за постапување со осудените лица при спроведување на третманот ( процедура за постапување при класификацијата на осудените лица во приемното одделение, процедура за утврдување на дисциплинска одговорност на осудените лица итн).

Управата за извршување на санкциите е во фаза на преговори за реализација на проект преку програмата МАТРА во кој е вклучена едукација на вработените во Секторот за обезбедување и Секторот за ресоцијализација во казнено-поправните и воспитно поправните установи.

Министерството за правда – Управата за извршување на санкции своите активности во 2009 година ги насочува кон реализација и на другите свои надлежности. Тука треба да се споменат напорите на Управата за извршување на санкциите за заживување на алтернативните мерки како еден од начините за намалување на затворската популација и пренатрупаноста во казнено поправните установи. Подзаконските акти со кои се регулира извршувањето на алтернативните мерки беа донесени во текот на 2008 година и веќе се во тек активности за потпишување на меморандуми за соработка со локалната самоуправа и јавните претпријатија во кои директно ќе се извршува општокорисната работа како една од видовите на алтернативни мерки.

Со преземање на сите овие активности и реализација на подготвените проекти се очекува да се постигнат повеќе краткорочни но и долгорочни резултати кои ќе доведат до затворски систем во кој со почитување на човековите права ќе се обезбеди хуман начин на извршувањето на казната затвор.